ОПШТИНИ БЕРОВО И ПЕХЧЕВО

# ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ 2009 – 2010

октомври, 2008 година

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на конзорциумот GVG - Arbetsförmedlingen и на никаков начин не ги рефлектира гледиштата на Европската Унија.

**ПАРТНЕРСТВО**
**ЗА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ**
**НА ОПШТИНИ БЕРОВО И ПЕХЧЕВО**

# СОДРЖИНА

**ПРЕДГОВОР** ........................................ **5**

**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ**........................................ **7**

Главни заклучоци од анализата на состојбите на локалниот пазар на труд......... 7

Главни препораки од анализата ........................................ 8

**Локална стратегија за вработување**........................................ **9**

Главни насоки и приоритетни цели на акциониот план за вработување ............ 9

План за имплементација на целите........................................ 9

Буџет за реализација на целите ........................................10

**АНАЛИЗА НА ЛОКАЛНИОТ ПАЗАР НА ТРУД** ........................................ **11**

**Специфичности на локалниот економски развој** ........................................ **11**

Главни носители на вработеноста и профили на работодавачите.....................11

Постојна побарувачка за работна сила и барани занимања ............................12

Регистрирани слободни работни места ........................................14

Нови контакти за вработување ........................................15

**Промени и постојни состојби на понудата на работната сила** ...................... **15**

Демографски карактеристики и работна сила ........................................15

Регистрирана невработеност / лица кои активно бараат работа.......................16

Прилив на нова работна сила ........................................19

Заклучоци ........................................20

Препораки........................................21

**АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ** ........................................ **23**

**Во контекст на локален економски развој** ........................................ **23**

Насока 1: Да се подобри бизнис климата во микрорегионот Берово и Пехчево ........................................23

Конкретна цел 1.1.: Да се подобрат услугите од ЛС и креирање на база на податоци ........................................23

Конкретна цел 1.2.: Да се поддржи и насочи поголемата застапеност на други стопански гранки, посебно на прехрамбената индустрија во делот на преработката на земјоделските производи и дрвопреработувачката индустрија ........................................24

Насока 2: Да се промовираат и поттикнат инвестиции и нови бизнис активности........................................26

Конкретна цел 2.1: Да се поддржи отварањето на нови туристички капацитети и содржини........................................26

Конкретна цел 2.2: Да се подготват урбанистички планови и туристички зони ........................................27

**Во контекст на локалните политики за вработување ................................... 27**
Насока 3: Да се намали сивата економија ............................................. 28
Конкретна цел 3.1: Да се легализираат постоечките нерегистрирани бизниси ..................................................................... 28
Насока 4: Да се намали невработеноста кај специфичните групи ............. 28
Конкретна цел 4.1: Да се намали бројот на млади невработени лица......... 29
Конкретна цел 4.2: Да се поддржи вработувањеното на лица со низок степен на образование ....................................................................... 30
Насока 5: Да се усогласи понудата со побарувачката и да се подигне и подобри образовното и стручното ниво на работна сила .......................... 30
Конкретна цел 5.1: Да се отпочне со продуцирање на образовни кадри-профили, кои се барани на пазарот на трудот........................................ 31

**План за имплементација ........................................................................ 32**
Главни засегнати страни и партнери за имплементација ................................ 32
Мониторинг и евалуација на акциониот план ................................................ 32
Главни претпоставки и ризици за имплементација на акциониот план ............. 32
Повеќегодишен финансиски план................................................................ 32

**АНЕКСИ............................................................................................................... 39**

**Прилози - табели.................................................................................... 40**
Логички рамки за секоја насока .................................................................. 48
Листа на изготвувачи на акциониот план ...................................................... 52
Листа на документи ...................................................................................... 52

# ПРЕДГОВОР

Почитувани,

Акциониот план за вработување за општините Берово и Пехчево е изработен во рамките на CARDS Проектот - Политика за вработување III поддржан и финансиран од ЕУ. Носител на проектот се општините Берово и Пехчево, а партнери во изготвувањето на овој документ се: Центарот за вработување - Берово, ССМ – Синдикална канцеларија Берово, Стопанска Комора, НВО „ГАМА", Организација на жени „РОЗА"-Берово, ОЖ-Пехчево, „ТЕРНО-ВАС-Берово, ЗЖР "ДАЈАКЕРЕ ЧАВЕ"-Пехчево, МАССУМ (Младинска асоција на средни стручни училишта во Македонија), ЕД „БРИЦА", ЕД „КЛАДЕНЕЦ", Средношколска заедница, „ПОРАКА", Ј.У. Меѓуопштински центар за социјална работа-Берово, Центар за лица со посебни потреби и ЗРТУ „МАЛЕШЕВО".

Овој документот се состои од два дела. Во првиот е поместена анализата на локалниот пазар на труд, која има за цел да ги идентификува промените и постојните состојби на побарувачката и понудата на работната сила. Согласно расположливите ресурси на локалната заедница за зголемување на вработеноста, како и достапните средства од други извори, во вториот дел се идентификуваат насоките и целите во областа на вработувањето и се предвидуваат програми чија реализација треба да придонесе за намалување на невработеноста во општините Берово и Пехчево.

Со промена на стопанството од планското во пазарно, се создадоа услови за поефикасно работење, но се појавија и многу проблеми. Настана затворање на големи индустриски капацитети, а со тоа и голем број на вработени останаа без работа. Во текот на 17 годишниот транзиционен период, економијата бавно се развиваше и не беше во можност да ги апсорбира големиот број на отпуштени работници и ниту пак сите лица кои штотуку го завршија својот образовен процес. Сите овие години од осамостујувањето на Р.М. невработеноста се намалува (со осцилации), но и покрај тоа сепак е доста висока како во регионот така и во ЕУ, и не ги задоволува Лисабонските критериуми кои се основа за влез во Европската Унија. Неповолната состојба не го заобиколи ниту нашиот микрорегион општините Берово и Пехчево, каде што драстично се одрази затоа што буквално сите поголеми стопански капацитети.

Од релативно мало, неразвиено и периферно подрачје, регионот, во шеесеттите и во седумдесеттите години од минатиот век, доживеа интензивен пораст, со стапки на општествениот производ од над 20% (повисоки од републичките стапки), повисок пораст на вработеноста во однос на републичкиот просек и со изразени структурни промени. Така, направена е фундаментална смена меѓу земјоделството и индустријата, а остварен е забележлив прогрес и во градежништвото и во сообраќајот.

Во почетокот на деведесеттите години од минатиот век (почетниот период на транзицијата), според податоците за општествениот производ во 1995 година, индустријата и рударството во регионот учествуваат со 43%, земјоделството и рибарството со 21%, шумарството со 6,7%, градежништвото со 7%, сообраќајот и врските со 7,4%, трговијата со 10%, угостителството и туризмот со 1,5%, занаетчиството и личните услуги со 1,6%

и сите останати области со 1,8%. Така, просечната стапка на раст на БДП за периодот 1998-2002 за Републиката изнесува само 5,2%, а за регионот во кој припаѓа општината (источниот регион) растот изнесува само 1,9%.

За подобрување на лошата слика со невработеноста на општините Берово и Пехчево, со изготвување на Локалниот Акционен План за Вработување се отвара можност за намалување на невработеноста, а со тоа поголем економски раст на мирорегионот. Како поттик за изготвувањето на овој значаен акционен план за нашите општини, дава и поволната клима што ја даваат новите законски регулативи, национални стратегии, како и заживувањето на програмите.

Од Партнерството

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

**Вовед**

Во ноември 2006 година, Владата на Република Македонија, преку своето ресорно Министерство за труд и социјална политика со поддршка на CARDS Проектот Политика за вработување II, изготви Национална Стратегија за вработување до 2010 година. Со неа беа определени приоритетите, општите цели и националните конкретни цели во областа на вработувањето согласно со Лисабонската стратегија на Европската Унија.

Локалниот акционен план за вработување за микрорегионот Берово - Пехчево е изработен во рамките на CARDS проектот - Политика за вработување III, поддржан и финансиран од ЕУ. Микрорегионот на општините Берово и Пехчево е во групата на општини од прата фаза на овој проект, заедно со општините Куманово, Струга, Битола, и микрорегионот Штип и Карбинци.

Акционот план за вработување на микрорегионот Берово и Пехчево се однесува на периодот 2009 – 2010 година.

Овој документ е конципиран и изработен во два дела. Во првиот дел - Анализата на пазарот на труд се идентификуваат потребите од работната сила од една, и понудата на работна сила и структурата на невработените лица, од друга страна. Освен тоа се согледуваат можностите за искористување на расположливите ресурси на микрорегионот во насока на поттикнување на вработеноста.

Во вториот дел се елаборирани насоките и конкретните цели во областа на вработувањето, како и активностите и проектите кои треба да се иплементираат за да се ублажи проблемот на невработеност во двете општини - односно микрорегионот Берово и Пехчево. При нивното определување се имаат предвид макроекономските политики и нивното влијание врз локалните заедници на полето на вработувањето, потоа стратешките насоки на локалниоте економски развои, како и сите стратешки документи во областа на вработувањето (Националната стратегија за вработување до 2010 година; Националниот акционен план за вработување 2009-2010; оперативните годишни планови за вработување на Владата на Република Македонија).

## *Главни заклучоци од анализата на состојбите на локалниот пазар на труд*

Постојната побарувачка за работна сила е мошне мала и не може да придонесе за позначително намалување на невработеноста во двете општини. Од аспект на профилот на занимањата на евидентираните невработени лица во Центарот за вработување Берово и побарувачката за работна сила во микрорегионот може да се констатира дека понудата и побарувачката во голема мера се усогласени, односно дека се располага со сите профили и кадри за кои работодавачите досега искажале потреба. Но, кога ќе се направи подетална анализа се гледа дека неангажираната работна сила не соодветствува на потребите на работодавачите од следните причини:

Неповолна е старосната структура на невработените, поради големиот удел на постарата средовечна работна сила и постарите од 50 години;

Структурата на невработените според пол е, исто така, неповолна бидејќи, поголем е бојот на невработените мажи, а поголема е побарувачката за женска работна сила;

Нешто помалку од 500 невработени лица, или повеќе од 11% од вкупниот број невработени, се корисници на паричен надоместок до вработување (од нив 80,3% се лица постари од 50 години).

Во последните 3 – 4 години лицата кои завршуваат високо образование формално правно се водат на евиденцијата на невработени во Центарот за вработување Берово, меѓутоа не се присутни во општините Берово и Пехчево. Тие се работно ангажирани во други градови во државата, најчесто во градот Скопје. Со нив може да се воспостави контакт само кога ќе дојдат во определен термин лично да се пријават во евиденцијата заради остварување на правото на здраствена заштите.

Огромен е бројот на евидентираните невработени лица кои се неквалификувани, односно работници без занимања (околу 1800 лица);

Намалена е работоспособноста на невработените лица кои немаат решение за категоризација за степенот на инвалидитет. Оваа произлегува од долгите постапки и непостоењето на фирми кои ќе пројават интерес да ги упатат овие лице на оценка на нивната работоспособност. Оваа се јавува како проблем во Центарот за вработување во Берово, бидејќи нема можност за реинтеграција на овие лица на пазарот на труд. Работодавачите не пројавуваат интерес да вработат лица со намалена работна способност.

Од аспект на идните промени на пазарот на трудот значајно е да се има предвид и развојот на населението во општините Берово и Пехчево. Двете општини се зафтени со интензивен процес на стреење на населението што има за последица намален прилив на нови генерации во работоспособниот контингент и постепено стареење на работната сила. Овој процес е дополнително поттикнат и со интензивната емиграција на младите со повисоко ниво на образование во другите подрачја од земјата и во странство. Тоа значи континуирана загуба на највиталниот дел од населението и стеснување на неговата репродуктивна основа, проследена со намалување на нивото на човечкиот капитал во микрорегионот Берово и Пехчево.

## *Главни препораки од анализата*

Основна претпоставка за намалување на големата невработеност во општините Берово и Пехчево е отворањето на нови работни места преку подобрување на бизнис климата. Во идниот период особено внимание треба да се посвети на развојот на МСП, семејните бизниси, занаетчиството, самовработувањето. Туризмот, поточно еко туризмот, е еден од секторите со чиј развој би можело да се отворат поголем број на работни места. Големиот број на невработени од руралните подрачја, пак, неспорно ја наметнува потребата за позабрзан развој на овие средини, поттикнување на развојот на земјоделсвото и производството на здрава храна.

Неповолната образовна структура на невработените лица ја наметнува потребата за проширување на можностите за преквалификација, доквалификација, стекнување на вештини и нови знаења на работната сила, односно зајакнување на капацитетите на лицата, посебно постарите работници коишто активно бараат работа. Во однос на искажаните потреби за дополнителни вештини и обуки на невработените лица треба да продолжи континуираното спроведување на обуки за изучување на странски јазик (првенствено англиски јазик) и компјутери и да се започне со обука за самовработување на невработените лица. Истовремено, треба да се работи на усогласување на образовните програми со потребите за работна сила.

Во однос на целните групи на активните баратели на работа посебно би требало да се стимулира вработувањето на младите лица, посебно оние со високо образование, како и лицата кои подолго време чекаат работа. Во таа насока, треба да се создадат поволни можности за искористување на сите законските олеснувања за работно ангажирање на оваа категорија на невработени лица

## Локална стратегија за вработување

Еден од главните проблеми во општините Берово и Пехчево сеуште е невработеноста, и намалените услови за вработување. Постојат повеќе причини за невработеноста пред се немањето на слободни работни места во постоечките капацитети, неповолна структура на понудата на работната сила (демографски и стручно), недостаток од одредени профили, подемот на сивата економија. Од тие причини главните стратегиски насоки на општините во наредните две години во насока за намалување на невработеноста се преку создавање на поволности и давање на поддршка на бизнисите за отварање на нови работни места, подобрување на деловното опкружување и креирање на активни мерки за вработување во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување на Република Македонија подрачна единица Берово.

### *Главни насоки и приоритетни цели на акциониот план за вработување*

Главни насоки од Акциониот План кои придонесуваат за намалување на невработеноста и насоки за локалната политика кои се согласно препораките од анализата на пазарот на трудот се :

1. Подобрување на бизнис климата во микрорегионот Берово и Пехчево
2. Инвестиции и нови бизнис активности
3. Сузбивање на сивата економија
4. Намалување на невработеноста на специфичните групи
5. Усогласување на понудата со побарувачката со подигање на образовнот и стручнот ниво на работна сила

За постигнување на насоките *(долгорочните цели)* идентификувани се повеќе приоритетни краткорочни цели кои се разработени во овој акционен план и тоа: Развој на услугите од ЛС и креирање на база на податоци; Поголема застапеност на други стопански гранки, посебно на прехрамбената индустрија во делот на преработката на земјоделските производи и дрвопреработувачката индустрија; Развој на услужните дејности; Нови туристички капацитети; Урбанистички планови и туристички зони; Легализирање на постоечки бизниси; Намалување на бројот на млади невработени лица; Вработување на лица со низок степен на образование; Продуцирање на образовни кадри-профили, кои се барани на пазарот на трудот.

### *План за имплементација на целите*

Активностите за реализација на целите на Акциониот план планирано е да се имплементирааат во период од две години и тоа од страна на одговорните институции, а следењето ќе врши работната група која го изработи овој план. Работната група ќе ги известува советите на општините Берово и Пехчево, како и Градоначалниците, за секој квартал од годината за постигнатите резултати од активностите, а овие општински органи ќе даваат повратни контролни инструкции доколку се потребни за време на имплементација на активностите.

## *Буџет за реализација на целите*

За целосно имплементирање на Акциониот план потребно е да се обезбедат неопходни финансиски средства и тоа од:

- Буџетот на РМ и од Министерствата за Труд и социјална политика, Министерство за Економија и од Агенцијата за Вработување на РМ
- Буџетот на Општина Берово и Општина Пехчево
- средстава од меѓународни организации, странски донации и Амбасади во Р.Македонија.
- Прокети и програми на Европската унија
- Центарот за развој на Источниот плански регион
- од сопствено учество

Вкупните средства потребни за реалзација на активностите се 216.000 илјади Евра, а од Буџетот на општините Берово и Пехчево 20.000 илади Евра за 2009 и 2010 година.

# АНАЛИЗА НА ЛОКАЛНИОТ ПАЗАР НА ТРУД

## Специфичности на локалниот економски развој

Врз основа на анализите во профилот на општините Берово и Пехчево не се разликуваат во однос на носечката економска активност. За двете општино доминантен сектор е преработувачката индустрија (текстилната и дрвнопреработувачката), туризмот, земјоделството и градежништвото. Носечки економски сектори во Берово и Пехчево се:

- Текстилна индустрија
- Дрвна индустрија
- Градежна индустрија
- Прехранбена индустрија
- Занаетчиство
- Трговија
- Транспортни услуги
- Финансиски и други услуги
- Земјоделство
- Сточарство
- Туризам и угостителство

Во однос на Локалните Акциони Планови за Вработување, од стратешките насоки на идниот економски развој на општините Берово и Пехчево, се посочени следните стратешки цели:

- Воспоставување на поддршка на бизнисот од општинската администрација
- Формирање на Мрежа за поддршка на бизнисот во Берово (МПББ)
- Развој на туризмот
- Развој на текстилниот сектор
- Развој на земјоделството и производството на храна
- Развој на преработката на дрво
- Привлекување на СДИ
- Искористување на алтернативни видови енергија

### *Главни носители на вработеноста и профили на работодавачите*

Во последните години најголем дел од искажаните потреби за работна сила и реализираните нови вработувања се во текстилната и дрвопреработутавачка индустрија. Од поголемите компании во текстилната индустрија би ги издвоиле: Полотекс, Бетекс, Мартекс фешн, Акалоид, а во дрвопреработувачката индустрија се: Огражден-Берово, Фагус-Пехчево, Напредок-Пехчево и други. Што се однесува на другите сектори како носители на вработеноста во секторот земјоделство и прехрамбено преработувачка индустрија

се компаниите: Малешекспорт, Млекара Берово, Млекара Смојмирово и во делот на огноотпорни материјли АД Бомекс рефрактори-Пехчево. Најголем дел од компаниите во споменатите сектори делуваат на странските пазари (80%). Од аспект на големината на друштвата, пак, во општините Берово и Пехчево преовладуваат малите и средните претпријатија, коишто имаат значително влијание врз порастот на вработеноста, а во последно време и самовработувањето и семејните бизниси.

Во однос на профилите на работодавачите, потоа нивната активност во претходниот краткорочен период, како и очекуваните промени во нивното работење релевантни податоци и информации дава Анализата на потребите од вештини[1]. Таа покажува дека во периодот 2006-2008 година во работењето на претпријатијата (во претходните шест месеци) настанале одредени неповолни промени (Прилог 1). Имено, остана ист бројот на компаниите каде е забележано намалување, порасна кај оние со константна побарувачка на производите/услугите, а се намали бројот на фирмите каде побарувачката е зголемена. Посматрано според големината на претпријатијата, ваквите промени се карктеристични како за малите, така и за средните по големина компании.

Во анализираниот период речиси слична тенденција на промени, но со различен интензитет, работодавачите очекувале и за наредните 6, односно 6-12 месеци. Според податоците за 2008 година во наредните 6 месеци се предвидува да порасне бројот на компаниите кои очекуваат намалување, да се намали бројот на оние со константна побарувачка на производите/услугите и за две петтини да се зголему бројот на фирмите кои предвидуваат пораст на побарувачката. Во наредните 6-12 месеци, пак, ќе остане ист бројот на претпријатија кои очекуваат намалување, а ќе се намали кај оние со константна побарувачка. Согласно предвидувањата на работодавачите во споредба со 2007 година за три пати ќе се зголеми бројот на компаниите кои предвидуваат пораст на економската активност.

Анализата на потребите од вештини покажува дека во наредните 12 месеци во работењето на анкетираните фирми може да се очекуваат одредени позитивни промени. Сепак со оглед на тоа што останува релативно голем бројот на компаниите кои предвидуваат намалена или константна побарувачка на производите/услугите не може да се очекува поголем пораст на побарувачката за работна сила. Од аспект на големната на компаниите со подинамична економска активност денес се издвојуваат средните претпријатија.

## *Постојна побарувачка за работна сила и барани занимања*

Постојната побрувачка за работна сила на подрачјето на општините Берово и Пехчево ја анализираме врз база на податоците од споменатата анализа на потребите од вештини, како и сознанијата за регистрираните слободни работни места и најавите за нови вработувања во Центарот за вработување Берово.

Со оглед на опфатот во анкетното истражување, анализата на потребите од вештини дава релевантни информации како за флуктуацијата на вкупниот број на вработени (вкупно, според големината на претпријатијата и дејностите) и нивната демографска структура, така и за побарувачката на работната сила и бараните занимања и вештини на пазарот на трудот.

Во периодот по 2006 година вкупниот број на вработени во анкетираните претпријатија на подрачјето на Центарот за вработување Берово бележи континуиран пораст. Имено, во моментот на анкетирањето во споредба со состојбата пред една година во 2006 го-

1 Анализата на потребите од вештини во АВРМ се спроведува од 2006 (како пилот истражување), односно како дел од редовните активности од 2007 година. Методологијата на оваа анализа е развиена во рамките на проектот Политика за вработување 2 - Техничка помош за институционална изградба. Станува збор за шведска методологија прилагодена на македонските услови, според која анализата на потребите на пазарот на труд базира на податоци и информации добиени со интервјуирање на примерок на работодавачи. Во примерокот се опфатени претпријатија од осум сектори (преработувачка индустрија, земјоделство, лов и шумарство, градежништво, трговија, хотели и ресторани, сообраќај, складирање и врски, финансиско посредување и недвижен имот и услужни дејности) кои имаат повеќе од 10 вработени.

дина тој бил помал за 3,7%, а во 2007 и 2008 година е зголемен за 0,7%, односно 4,3% (Прилог бр 2). Овие показатели укажуваат на позитивен тренд во однос на порастот на бројот на вработените.

Од аспект на големината на компаниите во 2007 пораст на бројот на вработените има само кај средните претпријатија, а од 2008 година и кај средните и малите фирми. Тоа услови зголемување на уделот на вработените во малите претпријатија во вкупно вработените (во моментот на анкетирањето) од 30,1% (2007) на 33,2% (2008 година), односно намалување на уделот на вработените во средните претпријатија (од 69,9% на 66,8%).

Од вкупно анкетираните претпријатија во периодот 2006-2008 година најголем дел отпаѓаат на секторот преработувачка индустрија, во кој работат: 72,8% (2006), 69,6% (2007), односно 70,6% (2008) од вкупно вработените (Прилог бр. 3). Сепак, овој сектор во 2006 година се соочи со намалување, а во наредните години со релативно помал пораст на бројот на вработените од другите сектори. Во моментот на анкетирањето во споредба со состојбата пред една година, во 2006 и 2007 со најголем пораст на вработените се издвојува секторот транспорт, а во 2008 година секторите: земјоделство, трговија, транспорт и недвижнини/услуги.

Од аспект на подготовката на локалниот акционен план за вработување на општините Берово и Пехчево значајно е да се има предвид половата и старосната структура на вработените во анкетираните фирми (Прилог бр. 4). Во структурата на вработените според пол учеството на мажите во вкупно вработените останува доминантно со тенденција на континуиран пораст (од 56,3% во 2006 на 60,1% во 2008). Старосна структура на вработените, пак, се карактеризира со намалување на учеството на младите до 29 години (од 15,7% на 13,3%) и постарите од 55 години (од 8,1% на 7,1%), а пораст на старосната група 30-54 години (од 76,2% на 79,6%). Апсолутното и релативното намалување на младите е условено од малиот обем на нови вработувања и имплицира стареење на ангажираната работна сила.

Што се однесува на побарувачката на работна сила во општините Берово и Пехчево податоците во Прилозите бр. 2 и 3 и Табела 2 потврдуваат дека во трите посматрани години пораст на вработеноста планирале сите фирми без оглед на на големината и секторот во кој што делуваат (со исклучок на недвижнини/услуги во 2007 година). Сепак, очекуваниот пораст на вработеноста е со различен апсолутен и релативен обем. Анкетата и предвидувањето во 2008 година покажуваат дека вкупниот број на нови вработувања во наредните 12 месеци ќе изнесува 46, односно 150 лица (Табела 1). Во споредба со 2007 година тој е нешто поголем. Во последните три години релативно поголем број на нови вработувања се очекуваа во малите претпријатија. Имајќи ги предвид досегашните предвидувања и нивната потврда со манифестираните промени на пазарот на трудот, овие индикатори може да се оценат како мошне неповолни од аспект на порастот на вработеноста во наредната година.

Според истражувањето во 2008 година во наредните 12 месеци најголем број на нови вработувања се очекуваат во секторите земјоделство и преработувачка индустрија. Со активните политики за вработување за 2008 година по основ на кредитирање, самовработување и формализирање на бизнис реално очекуваме да се вработат околу 80 лица. Сметаме дека овој тренд и во следната година ќе продолжи заради формално-правно регулирање на работењето на лицата кои се уште немаат регистрирано дејаност, а реално ја извршуваат (сива економија-земјоделска дејност)

**Табела 1**
**Број на очекувани нови вработувања во наредните 12 месеци (анкета и предвидување), општина Берово и Пехчево**

| | Број на нови вработувања во наредните 12 месеци (анкета) | | | Број на нови вработувања во наредните 12 месеци (предвидување ) | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Дејност** | **2006** | **2007** | **2008** | **2006** | **2007** | **2008** |
| Земјоделство | 3 | 5 | 16 | 10 | 12 | 35 |
| Преработувачка | 48 | 2 | 15 | 51 | 18 | 45 |
| Градежништво | 25 | 4 | 5 | 25 | 10 | 9 |
| Трговија | 25 | 22 | 6 | 38 | 30 | 18 |
| Ресторани/Хотели | | | | | | |
| Транспорт | 21 | 7 | 2 | 26 | 9 | 5 |
| Финансии | | | | | | |
| Недвижнини/услуги | 3 | 0 | 2 | 6 | 10 | 38 |
| **Вкупно** | **125** | **40** | **46** | **156** | **89** | **150** |

* Очекувани нови вработувања во наредните 12 месеци x 100 / % на вработени опфатени со анкетата

Извор: АВРМ, Анализа на потребите од вештини за 2007 и 2008 година.

Анализата на потребите од вештини покажува дека во 2006 година најбарани биле полуквалификуваните работници (Прилог бр. 5). За 2007 и 2008 година карактеристична е релативно поголема побарувачка за квалификувани работници и со средно образование. Побарувачката за работна сила со високо образование, иако бележи тренд на пораст, беше и останува мошне мала.

Преработувачката индустрија останува носечки сектор од аспект од апсорцијата на новите вработувања. Во наредните 12 месеци се предвидуваат во овој сектор да се вработат 103 лица или 72% од планираните нови вработувања. Од нив треба да имаат завршено средно образование 13 лица или 12,6%, Од редот на квалификуваните 33 лица или 32%, и полуквалификувани работници 54 или 52,4%. Најмала побарувачка има за неквалификуваните и оние со више и високо образование, 3 лица или 2,9%.

Што се однесува за профилите на невработени лица кои бараат работа во Центарот за вработување Берово, центарот располага со сите профили кои им се потребни на работодавачите. Гледано според профилите на занимањата, освен професори по англиски и албански јазик и професор по информатика на евиденцијата на невработени лица ги има сите барани лица. Недостаток најмногу се манифестира при пополнување на работни места во преработувачката индустрија (индустријата за произвотство на опеки и тули) и тоа за дипломирани технолози и хемиски инженери, во делот на градежништвото за градежни работници како и лица со завршено образование ВСС и ССС во областа на туризмот и угостителството.

Во текот на анкетното истражување беше опсервирано и третирано прашањето за вработување на лиица со посебни потреби. Од анкетираните 20 фирми 16 одговориле дека немаат потреба од ваков вид на вработување, односно само 4 пројавиле интерес за вработување на лица со посебни потреби. Најголем дел од нив се од преработувачката индустрија 3 фирми, и една фирма од секторот трговија. Според големината станува збор за две мали и две средни фирми. Од ова може да се заклучи дека најзаинтересирани за поволностите кои ги добиваат фирмите при вработување на лица со посебни потреби интересот е еднаков кај малите и средните претпријатија.

### Регистрирани слободни работни места

Регистрирани слободни работни места во Центарот за вработување -Берово покажа дека преработувачката индустрија останува носечки сектор од аспект од апсорцијата на но-

вите вработувања. Во наредните 12 месеци се предвидуваат во овој сектор да се вработат 33% од планираните нови вработувања. Од нив треба да имаат завршено средно образование 13 лица или 12,6%, Од редот на квалификуваните 33 лица или 32%, и полуквалификувани работници 54 или 52,4%. Најмала побарувачка има за неквалификуваните и оние со више и високо образование, 3 лица или 2,9%. Во областа на земјоделствот 23% и услуги 24%, а останатите во другите гранки и сектори.

**Нови контакти за вработување**

Во блиска иднина има најваи за поголем број на вработување во туризмот и тоа туристичкиот комплекс Аурора на Беровоско езеро и ВИП туристичка агенција -Скопје исто така на Беровско езеро,во делот на царинските услуги и шпедиција вработување на високоопбразовни кадри со отварање на граничниот премин Клепало и самовработување во земјоделието и отпочнување на мали семејни бизниси.

## Промени и постојни состојби на понудата на работната сила

### *Демографски карактеристики и работна сила*

Според проценките на населението во 2006 година општините Берово и Пехчево заедно имале 19023 жители од кои околу 72% отпаѓаат на општината Берово (Табела 2). Во меѓупописниот период 1994-2002 година двете општини забележале намалување на вкупното население, при што тоа е поинтензивно во општината Пехчево.

**Табела 2**
**Обем и динамика на вкупното население во општините Берово и Пехчево**

| | Вкупно население | | Проценка на население 2006 | Промена (пораст) на населението (1994-2002) | | Стапки на пораст на населението |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1994 | 2002 | | Број | % | 1994 - 2002 |
| Р. Македонија | 1945932 | 2022547 | 2041941 | 76615 | 3,9 | 0,48 |
| Берово | 14179 | 13941 | 13683 | -238 | -1,7 | -0,21 |
| Пехчево | 5650 | 5517 | 5340 | -133 | -2,4 | -0,30 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

Во општината Берово безмалку изедначено е учеството на градско и остнатото население (Прилог бр. 6). Во општината Пехчево, пак, релативно поголема е застапеноста на градското население. Што се однесува на динамиката, во двете општини уделот на градското население бележи сигнификантен пораст, кој е двојно поголем во општината Пехчево. Ваквите движења претпоставуваат и пораст на градската невработеност во двете општини, како поспецифичен облик на отворената невработеност.

Старосната структура на населението во општините Берово и Пехчево се карактеризира со помала застапеност на децата (0-14 години) и значително поголем удел на постарите од 65 години, посебно на старечкиот контингент (80+ години). Интензивниот процес на демографско стареење го потврдуваат показателите за рангот на демографска старост. Имено, во двете општини во 2006 година населението е во стадиум на длабока демографска старост. Според податоците од Пописот на население во 2002 година населението во Берово било во стадиум на демографска старост, а во Пехчево во длабока демографска старост. Тоа ги условува и разликите во застапеноста на основните старосно-полови контингенти во вкупното население на двете општини, посебно уделот на работоспособниот контингент (Прилог бр. 7). Работоспособното население се карактеризира со континуиран пораст, кој е поинтензивен кај старосните групи над 40 годишна возраст.

Тоа имплицира мошне неповолна старосна структура на работоспособниот контингент, како демографска рамка од која се регрутира работната сила.

Образовната структура на населението во општините Берово и Пехчево е неповолна и покрај манифестираните големи промени (во периодот 1994-2002 година) во насока на намалување на населението со ниско ниво на образование. Во двете општини таа се одликува со натпросечна застапеност на лицата со ниско ниво на образование (кое е повисоко од 50%), а потпросечно учество на оние со средно и високо ниво на образование (Прилог бр. 8). Со оглед на релативно поголемата застапеност на населението со ниско ниво на образование, образовната структура на населението во општината Пехчево може да се оцени како понеповолна.

Расположливите податоци за преселничките движења во општините Берово и Пехчево покажуваат дека релативно мал е обемот на внатрешните и надворешните миграции и дека тие немаат позначајно влијание врз порастот и структурните белези на населението. Во внатрешните миграции во двете општини локалните преселувања бележат тенденција на намалување. Во меѓуопштинските преселувања, пак, поголем е бројот на отселените од доселените лица, односно двете општини се емиграциони подрачја (Прилог бр. 9). Според податоците од редовното истражување на Државниот завод за статистика не се регистрирани доселени лица од странство, а бројот на иселените е минимален (Прилог бр. 10). Притоа, не може да се занемари проблемот со податоците за надворешните миграции. Повеќе индиции укажуваат дека и во општините Берово и Пехчево во пораст се преселувањата во странство, особено на интелектуалната емиграција.

## *Регистрирана невработеност / лица кои активно бараат работа*

Во Република Македонија евидентна е разликата меѓу регистрираната невработеност и бројот на лицата кои активно бараат работа. Според податоците на Центарот за вработување Берово таа во 2008 година за вкупната невработеност изнесува 11,8% (Прилог бр. 11). Оваа разлика е повеќе од двојно поголема кај невработените од селските (16,2%), од онаа кај градските подрачја (6,8%). Со оглед на потребата реално да се идентификува понудата на работната сила, промените во обемот, динамиката и структурните белези на невработените се анализираат за лицата кои активно бараат работа.

Бројот на лицата кои активно бараат работа во општините Берово и Пехчево во 2008 е помал од оној во 2007 година за 5,1%. Притоа, намалувањето на невработеноста е речиси трипати поголемо во градските (7,5%) од тоа во руралните подрачја (2,6%). Ваквите промени условиле намалување на невработеноста во градските подрачја. Нејзиното учество во вкупната невработеност во двете посматрани години се намалува од 50,5% на 49,2% (Табела 3).

**Табела 3**
**Структура на лицата кои бараат работа, град и село**

| | **Република Македонија** | | **Општини Берово и Пехчево** | |
|---|---|---|---|---|
| | **2007** | **2008** | **2007** | **2008** |
| Вкупно | 290239 | 274701 | 3752 | 3560 |
| Град | 204530 | 192085 | 1895 | 1752 |
| Село | 85709 | 82616 | 1857 | 1808 |
| Вкупно | **100,0** | **100,0** | **100,0** | **100,0** |
| Град | 70,5 | 69,9 | 50,5 | 49,2 |
| Село | 29,5 | 30,1 | 49,5 | 50,8 |

Извор: Агенција за вработување на Република Македонија

Што се однесува на структурата на невработените според пол разликата меѓу регистрираната невработеност и лицата коишто активно бараат работа кај мажите и кај жените во последните години значително се намалува. Во 2008 година таа респективно изнесува 12,5% и 10,8% (Прилог бр. 12). Во периодот 2007-2008 година невработеноста кај жените е намалена за 8,3%, а кај мажите за 2,5%. Поради ваквите промени дојде до натамошен пораст на уделот на невработените мажи кој во 2008 година достигна 57,0% (Табела 4).

**Табела 4**

**Структура на лицата кои бараат работа, според пол**

| | Република Македонија | | Општини Берово и Пехчево | |
|---|---|---|---|---|
| | **2007** | **2008** | **2007** | **2008** |
| **Вкупно** | 290251 | 274701 | 3752 | 3560 |
| мажи | 160479 | 151873 | 2082 | 2029 |
| жени | 129772 | 122828 | 1670 | 1531 |
| | | | | |
| **Вкупно** | **100,0** | **100,0** | **100,0** | **100,0** |
| мажи | 55,3 | 55,3 | 55,5 | 57,0 |
| жени | 44,7 | 44,7 | 44,5 | 43,0 |

Извор: Агенција за вработување на Република Македонија

Разлики меѓу регистрираната невработеност и лицата коишто активно бараат работа се карактеристични и за одделните старосни групи на невработените во општините Битола и Пехчево (Прилог бр. 13). Во 2008 година таа е најмала кај младите до 29 години (3,2%) се зголемува кај старосните групи 30-39 години (8,7%) и 40-49 (14,6%), а најголема е кај постарите од 50 години (20,9%). Во временскиот интервал 2007-2008 година најголемо намалување на бројот на невработените е забележано кај младите (10,2%), релативно помало кај старосните групи 30-39 години (6,5%) и 40-49 (3,6%), а пораст има кај невработените постари од 50 години (2,1%). Тоа услови промени во старосната структура на лицата кои бараат работа. Тие се манифестираат во пораст на учеството на старосните групи 40-49 и лицата постари од 50 години (Табела 5). Нивното учество во 2008 година достигнува безмалку половина од вкупно невработените. Тоа значи дека општините Берово и Пехчево се соочуваат со интензивно стареење на невработената работна сила, што во голема мера го отежнува решавањето на проблемот на невработеноста.

**Табела 5**

**Структура на лицата кои бараат работа, според старост**

| | Република Македонија | | Општини Берово и Пехчево | |
|---|---|---|---|---|
| | **2007** | **2008** | **2007** | **2008** |
| **Вкупно** | 290251 | 274701 | 3752 | 3560 |
| До 29 год. | 91895 | 82330 | 1146 | 1029 |
| 30-39 | 70632 | 64799 | 944 | 883 |
| 40-49 | 63257 | 60442 | 859 | 828 |
| 50 + | 64467 | 67130 | 803 | 820 |
| **Вкупно** | **100,0** | **100,0** | **100,0** | **100,0** |
| До 29 год. | 31,7 | 30,0 | 30,5 | 28,9 |
| 30-39 | 24,3 | 23,6 | 25,2 | 24,8 |
| 40-49 | 21,8 | 22,0 | 22,9 | 23,3 |
| 50 + | 22,2 | 24,4 | 21,4 | 23,0 |

Извор: Агенција за вработување на Република Македонија

Податоците за регистрираната невработеност и лицата коишто активно бараат работа според националната припадност покажуваат дека во 2008 година со најголема разлика се издвојуваат невработените од турската (22,6%) и ромската националност (13,3%) (Прилог бр. 14). Пораст на бројот на лицата кои активно бараат работа е карактеристичен единствено за Ромите. Во структурата на вкупно невработените со доминантно учество се издвојуваат Македонците (90,1%), а од другите со релативно поголема застапеност се Ромите (6,8%) (Табела 6).

**Табела 6**
**Регистрирана и „реална" невработеност, национална припадност, општини Берово и Пехчево**

| | Вкупно | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Срби | Останати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно - број** | | | | | | | |
| **2007** | 3752 | 3402 | | 97 | 229 | 5 | 19 |
| ***2008*** | 3560 | 3209 | | 89 | 242 | 5 | 15 |
| **Индекси** | | | | | | | |
| **2007** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 |
| ***2008*** | 94,9 | 94,3 | | 91,8 | 105,7 | 100,0 | 78,9 |
| **Структура во % (Вкупно=100,0)** | | | | | | | |
| **2007** | 100,0 | 90,7 | | 2,6 | 6,1 | 0,1 | 0,5 |
| ***2008*** | 100,0 | 90,1 | | 2,5 | 6,8 | 0,1 | 0,4 |

Извор: Агенција за вработување на Република Македонија

Податоците за регистрираната и „реалната" невработеност покажуваат дека уделот на оние кои активно не бараат работа значително е поголем кај невработените со ниско ниво на образование (18,9%), а релативно помал кај лицата со средно (5,8%) и ниско ниво на образование (3,8%) (Прилог бр. 15). Во периодот 2007-2008 година бројот на невработените со средно и ниско ниво на образование е намалил за 6,3%, односно 4,6%, а на оние со ниско ниво за 1,5%. Ваквите промини не доведоа до битна промена во образовната структура на лицата коишто активно бараат работа (Табела 7). Како релативно висок може да се оцени уделот на невработените лица со средно ниво на образование (47,4%).

**Табела 7**
**Регистрирана и „реална" невработеност, ниво на образование**

| | Република Македонија | | Општини Берово и Пехчево | |
|---|---|---|---|---|
| | 2007 | 2008 | 2007 | 2008 |
| **Вкупно** | **290251** | **274701** | **3752** | **3560** |
| Ниско | 123871 | 120928 | 1615 | 1541 |
| Средно | 141576 | 130356 | 1799 | 1686 |
| Високо | 24804 | 23417 | 338 | 333 |
| **Вкупно** | **100,0** | **100,0** | **100,0** | **100,0** |
| Ниско | 42,7 | 44,0 | 43,0 | 43,3 |
| Средно | 48,8 | 47,5 | 47,9 | 47,4 |
| Високо | 8,5 | 8,5 | 9,0 | 9,4 |

Извор: Агенција за вработување на Република Македонија

Долгорочноста е една од карактеристиките на невработеноста и во општините Берово и Пехчево. Разликите меѓу регистрираната и "реалната" невработеност покажуваат дека уделот на оние кои активно не бараат работа се зголемува со времетраењето на невработеноста, при што таа е поголема кај невработените 12-23 месеци (10,8%) од невработените 2-4 години (9,7%). Околу 18% од невработените подолго од 8 години активно не бараат работа (Прилог бр. 16). Во 2008 во споредба со претходната година бројот на невработените се намалил кај сите групи според времето на чекање за вработување освен невработените 2-4 години каде бележи пораст од 4,8%. Притоа, намалувањето е најголемо (20,2%) кај оние кои бараат работа 5-7 години и до 11 месеци (12,6%), а најмало кај невработените подолго од 8 години (1,1%). Со оглед на ваквите промени, во структурата на вкупниот број на невработени лица, расте уделот на невработените 2-4 години и подолго од 8 години, чие заедничко учество во 2008 година достигнува 56,3% (Табела 8).

**Табела 8**
**Регистрирана и „реална" невработеност, време на чекање за вработување**

| | Република Македонија | | Општини Берово и Пехчево | |
|---|---|---|---|---|
| | **2007** | **2008** | **2007** | **2008** |
| **Вкупно** | **290251** | **274701** | **3752** | **3560** |
| До 11 мес. | 67898 | 57224 | 730 | 638 |
| 12 до 23 мес. | 40783 | 44463 | 532 | 504 |
| 2-4 год. | 67726 | 66076 | 921 | 965 |
| 5-7 год. | 39739 | 34677 | 516 | 412 |
| 8 год. + | 74107 | 72261 | 1053 | 1041 |
| | | | | |
| **Вкупно** | **100,0** | **100,0** | **100,0** | **100,0** |
| До 11 мес. | 23,4 | 20,8 | 19,5 | 17,9 |
| 12 до 23 мес. | 14,1 | 16,2 | 14,2 | 14,2 |
| 2-4 год. | 23,3 | 24,1 | 24,5 | 27,1 |
| 5-7 год. | 13,7 | 12,6 | 13,8 | 11,6 |
| 8 год. + | 25,5 | 26,3 | 28,1 | 29,2 |

Извор: Агенција за вработување на Република Македонија

## *Прилив на нова работна сила*

При анализата на понудата на работна сила значајно е да се има во предвит и приливот на работна сила на пазарот на труд, односно зголемувањето на бројот на лица кои се очекува активно да бараат работа во наредниот период. Притоа пред се треба да се има во предвид приливот на работната сила по основ на завршување на средно образование и завршување на вишо или високо образование. Во учебната 2007/2008 година во Општина Берово средно образование завршат 166 лица од завршените средношколци околу 130 ќе го продолжат школувањето на универзитетите во државата а, околу 36 најголем број од текстилната струка ќе се евидентираат како лица кои активно бараат работа и ќе бидат понудени на пазарот на трудот. Од средношколците кои ќе завршат 147 се со гимназија, со завршена текстилна струка која во последно време и се бара најмногу се 19 ученици. Очекуваме да Евидентираме и помал број ученици кои завршиле средно медицинско училиште и околу 20 лица со други занимања (средна машинска, авто механичари, ветеринарни техничари, шумарски техничари, прехрамбени техничари).

Најголем суфицит на работна сила во однос на евидентирани лица со средно образование се лицата со завршено средно гимназиско образование кои се евидинтирани од порано во Центарот за вработување Берово и вакви лица имаме вкупно на евиденција 506. Бројката беше поголема меѓутоа во последниот период над 30 лица посетуваа обука и преквалификација за познат работодавец и скоро сите се вработени.

Во 2008 година 37 лица од Општина Берово и Пехчево завршиле високо образнование и се смета дека сите овие лица ќе се вклучат во пазарот на труд и веќе се иведентирани во Центарот за вработување Берово како лица кои бараат работа. Најмногу завршени 7 дипломирани економисти, со завршено ПМФ 4 од нив веќе се и вработени( но не во Општина Берово и Пехчево), 5 со Филолошки факултет, 4 со Правен факултет, 4 со завршен факултет за земјоделски науки и храна (2 лица веќе се вработени во Општина Берово), 2 дипломирани лекари, 2 дипломирани хемиски инжинери, дипломирани социјални работници, шумарски инжинери и др.

Што се однесува до доселувањето – имиграцијата на населението во Општина Берово и Пехчево оваа појава не е карактеристична и воопшто не влијае на пазарот на труд.(за последната година разликата доселени отселени од регионот е 20 лица повеќе отселени од регионот.

## *Заклучоци*

Од спроведеното истражување и добиените одговори на прашањата од анкетата спроведена во 2008 година можеме да дојдеме до следните заклучоци:

При анализирањето на побарувачката од работна сила и понудата со која располага Центарот за вработување Берово може да се констатира дека 90% од понудата и побарувачката се речиси усогласени, односно дека се располага со сите профили и кадри за кои работодавачите досега искажале потреба. Но, кога ќе се направи подетална анализа се гледа дека кадрите со кои располага Центарот за вработување Берово не одговараат на потребите на работодавачите од следните причини:

Неповолна е старосната структура на невработените постари од 50 години и истата изнесува 25,1%.

Структурата на невработени според пол е исто така неповолна бидејќи имаме 1740 невработени жени и 2351 невработени мажи, а побарувачката за работна сила во последниот период е за женска работна сила.

Бројот на корисници на паричен надоместок до вработување изнесува 476 лица или 11,63% од вкупно невработените, од нив 80,3% се лица постари од 50 години.

Намалена работоспособност на невработените лица кои немаат решение за категоризација за степенот на инвалидитет. Оваа произлегува од долгите постапки и немањето на фирми кои ќе пројават интерес да ги упатат овие лице на оценка на нивната работоспособност. Оваа се јавува како проблем во Центарот за вработување во Берово бидејќи немаме можност за реинтеграција на овие лица на пазарот на труд бидејќи работодавачите не сакаат и не пројавуваат интерес да вработат лица со намалена работна способност.

Овде би издвоиле и би предочиле дека во последните 3 – 4 години лицата кои завршуваат високо образование формално правно се водат на евиденцијата на невработени во Центарот за вработување Берово, меѓутоа не се присутни во Општината односно имаат некаков ангажман по други градови во државата, најчесто во градот Скопје и единствено можеме да стапиме во контакт со нив само кога ќе дојдат во определен термин лично да се пријават во евиденцијата заради остварување на правото на здраствена заштите.

Во делот на евидентираните лица кои се неквалификувани, а чии број е 1940 лица или 47,7% од вкупниот број евидентирани од вкупниот број невработени лица имаме ситуација кога 18,7% од овие лица (некавалификуваните) се пријавуваат само за оствару-

вање на правото на здраствена заштита или од вкупно евидентирани кои се изјасниле само за здравствена заштита.478 или 11,7%.

Во делот на искажаните потреби за дополнителни вештини и обуки на невработените лица можеме да констатираме дека е потребно конинуирано да продолжи спроведувањето на обуки за изучување на странски јазик (првенствено англиски јазик) и компјутери и да се започне со обука за самовработување на невработените лица.

За одбележување е дека во Центарот за вработување Берово во претходниот период имавме и обуки во прехрамбената индустрија, а во последно време имаме и интерес од работодавачите од дрвнопреработувачката индустрија.

## ***Препораки***

Основна претпоставка за намалување на големата невработеност во микрорегионот Берово и Пехчево е отворањето на нови работни места преку подобрување на бизнис климата. Во идниот период особено внимание треба да се посвети на развојот на МСП, семејните бизниси, занаетчиството, самовработувањето. Туризмот, поточно еко туризмот, е еден од секторите со чиј развој би можело да се отворат поголем број на работни места. Големиот број на невработени од руралните подрачја, пак, неспорно ја наметнува потребата за позабрзан развој на овие средини, поттикнување на развојот на земјоделсвото и производството на здрава храна.

Неповолната образовна структура на невработените лица ја наметнува потребата за проширување на можностите за преквалификација, доквалификација, стекнување на вештини и нови знаења на работната сила, односно зајакнување на капацитетите на лицата, посебно постарите работници коишто активно бараат работа. Во однос на искажаните потреби за дополнителни вештини и обуки на невработените лица треба да продолжи континуираното спроведување на обуки за изучување на странски јазик (првенствено англиски јазик) и компјутери и да се започне со обука за самовработување на невработените лица. Истовремено, треба да се работи на усогласување на образовните програми со потребите за работна сила.

Во однос на целните групи на активните баратели на работа посебно би требало да се стимулира вработувањето на младите лица, посебно оние со високо образование, како и лицата кои подолго време чекаат работа. Во таа насока, треба да се создадат поволни можности за искористување на сите законските олеснувања за работно ангажирање на оваа категорија на невработени лица.

Според долгорочната развојна стратегија на локалната економија во регионот на Малешевијата (Берово и Пехчево) посебно внимание се посветуува на квалитетот на човечките ресурси. Притоа земени се во предвид неколку чинители кои се клучни во овој дел;

- Традицијата за градењето на квалитетен систем на основно и средно образование покриено со квалитетно опремени наставни кабинети и школски помагала и квалитетен наставен кадар;
- Континуираната потреба од квалификуван кадар и високо образован кадар според потребите на локалната економија со посебен акцент за пратење на трендовите во националната и глобалната економија.
- Од аспект на човечките ресурси како клучни цели на развојот на Општините Берово и Пехчево би ги издвоиле:
- Подобрување на квалитетот на основното и средното стручно образование. Во оваа развојна цел реализација на мерки за осовременување на училиштат од сите аспекти, информатичка технологија,современи методи и техники во наставата и воведување на нови потребни насоки во средното стручно образование за потребите на стопанството (од учебната 2008/2009 година во средното образование стартува економско-правна струка)

- Усогласување на образованието според потребите на стопанството и овде се предвидува комбинирани програми за јакнење на капацитетот и квалификациите на работна сила од разни аспекти.Можноста за обука, преквалификација на заинтересирани лица кои би отпочнале сопствен бизнис или би се самовработиле по јавниот оглас за вработување со субвенционирање за оваа година аплицираа 39 невработени лица и за истите од 30.06.2008 год.ќе се спроведе обука.Голем е интересот за користење на кредити за самовработување проект кој континуирано ќе се спроведува во идните години .

На ниво на регионот Центар за развој на регионот се со цел да се направи спона меѓу образовните институции, АВРМ, работодавците и лицата кои имаат можности и желба за нивно самовработување. Поволности преку овој Центар за доаѓање до поволни средства со мали камати за отпочнување и проширување на постоечките семејни бизниси.

# АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

## Во контекст на локален економски развој

Локалниот економски развој во микрорегионот Берово и Пехчево се карактеризира со релативна застапеност на секторот индустрија и апсорбира значителен дел од работната сила.

Во поглед на носечката економска активност општините Берово и Пехчево како регион не се разликуваат.

Кога зборуваме за специфичностите на локалниот економски развој на микрорегионот Берово и Пехчево треба да се има предвид и стратешките определби за развој на туризмот и промовирање на регионот како привлечна дистинација за планински и селски туризам. Во оваа насока секако спаѓа и развојот на дрвната, прехрамбената индустрија како потенцијали за развој на регионот.

Од вкупниот број на вработени лица во опфанатиот микрорегион најголем дел од нив се ангажирани во текстилната дрвопреработувачката индустрија. Шумското богатство, исто така, претставува добра основа за подинамичен економски развој, бидејќи Малешевските планини располагаат со големи шумски етат наменет за огревно и индустриско дрво, а тука секако спаѓаат секундарните шумски плодови. Во однос на промените во економската активност на главните носители на вработеноста и профилите на работодавачите релевантни податоци и информации дава Анализата на потребите од вештини[2].

**Насока 1:**

**Да се подобри бизнис климата во микрорегионот Берово и Пехчево**

За подобрување и зголемување на подршката од ЕЛС, потребно е да се направи промоција за привлекување на инвестиции преку заеднички настап со основање на центар за поддршка на бизнисот и да се подобрат човечки капацитети во ЛС. Со развој и создавање на финални производи во дрвнопреработувачката и прехрамбената индустрија ќе се искористат локалните потенцијали и природни ресурси за развој на регионот.

**Конкретна цел 1.1.: Да се подобрат услугите од ЛС и креирање на база на податоци**

Со оформување на база на податоци за МСП и економските активности во регионот, одделенијата за локален економски развој (ЛЕР) ќе обезбедат промоција и учество пре-

[2] Анализата на потребите од вештини во АВРМ се спроведува од 2006 (како пилот истражување), односно како дел од редовните активности од 2007 година. Методологијата на оваа анализа е развиена во рамките на проектот Политика за вработување 2 - Техничка помош за институционална изградба. Станува збор за шведска методологија прилагодена на македонските услови, според која анализата на потребите на пазарот на труд базира на податоци и информации добиени со интервјуирање на примерок на работодавачи. Во примерокот се опфатени претпријатија од осум сектори (преработувачка индустрија, земјоделство, лов и шумарство, градежништво, трговија, хотели и ресторани, сообраќај, складирање и врски, финансиско посредување и недвижен имот и услужни дејности) кои имаат повеќе од 10 вработени.

ку заеднички настапи, со цел изнаоѓање на инвестиции и партнери за МСП во двете општини. Со успешната реализација на оваа цел ќе се зголеми бројот на работни места. а со тоа ќе се зголемата и приходите во општините. Влијанието на миграцијата и демогравското стареење на населението со одлив на високообразове кадар може да го забави или да го намали процентот на вработување, а во однос на соработката со МСП може да се јави недоволна заинтересираност и потреба од заеднички настап на бизнис заедницата.

**Активности за цел 1.1.1: Креирање на заедничка база на податоци за МСП и потребата за вработување**

За реализацијата на активност и остварување на резултатите потребно е да се спроведат анкети и да се набави софтвер за оформување на базата на податоци за регионот на двете општини Берово и Пехчево. Во таа насока ќе биде птребно и доопремување на одделенија за локален економски развој (ЛЕР) со набавка на 4 компјутери и друга опрема која ќе биде во функција на креирањето на заедничка база на податоци за МСП со што ќе се овозможи вработување на 50 лица и ќе се реализара најмалку една промоција за потенцијалите и можностите за развој на регионот. За овие активност ќе бидат подготвени извештаи, фотографии од одделенијата за ЛЕР. За успешна реализација потребно е воспоставување на партнерство на локално ниво и изнаоѓање на компанија за изработка на софтвер за креирање на базата на податоци.

**Активности за цел 1.1.2: Воспоставување на „Центар за поддршка и развој на регионот" (бизнис и НВО центар)**

Со основањето на Центар за поддршка и развој на регионот директно ќе се помогне на МСП каде ќе се организираат обуки за МСП, претприемачите и НВО-и. Центарот ќе биде носител на економските активности во регионот со одржување на форуми, промотивни настани и организирање на работилници и саеми на локално ниво. Во текот на една година Центар за поддршка и развој на регионот ќе биде организатор на најмалку 12 работилни и еден промтивен настан во регионот на општините Берово и Пехчево. Преку извештаи со листа на учесници и фотографии ќе сепотврди успешната реализација на активностите и остварувањето на резултатите.

**Конкретна цел 1.2.: Да се поддржи и насочи поголемата застапеност на други стопански гранки, посебно на прехрамбената индустрија во делот на преработката на земјоделските производи и дрвопреработувачката индустрија**

Развојот на регионот треба да се темели на искористување на локалните природни ресурси и создавање на финален прпознатлив производ -бренд, како што се познатиот малешевски компир, сирење, малешевското јагне и слива, а во областа на шумарството и дрвопреработувачката индустрија одржливо искористување на шумскиот потенцијал и негово валоризирање како природно богатство. Со реализацијата на активностите ќе се основа една нова фирма во областа на дрвопреработувачката индустрија и најмалку еден финален производ во прехрамбената индустрија. Овие производи ќе се најдат на пазарите во регионот и пошироко со што ќе се потврди нивното присуству во маркетите и салоните за мебел. Ризикот при реализацијата може да биде несогледување на потребата од креирање на финален производ со додадена вредност и неможноста на локалниот бизнис да изнајде финансики средства.

**Активности за цел 1.2.1: Анализа на потребите за преработка на земјоделските производи и осовремување на дрвопреработувачката индустрија со креирање на финален производ-бренд**

Анализата ќе ги даде потребните информации за тоа кои се локалните потенцијали, притоа специфицирајќи ги пооделно човечките и природните ресурси за производство

и преработка во регионот, но и можноста за инвестиции и креирање на работни места за МСП и семејните бизниси. За таа цел ќе се подготви студија за регионот која ќе им послужи на општините во плановите за економски развој преку одделенијата за ЛЕР. Можните ризици кои ќе влијаат при остварувањето на резултатите се заложбите за индустријализација на регионот и желбата за било каков развој притоа не потпирајќи се на сопствените потенцијали и барање на инвеститори за отварање на нови работни места.

**Активности за цел 1.2.2: Воведување на ISO и HACCP стандарди**

За развој и унапредување на постојните фирми потребно е да се воведат стандарди согласно законската регулатива и ЕУ правилата во бласта на производство на храна, земјоделското производство и прехранбената индустрија. Птребна е обука за постојните и идните менаџери во регионот и нивно информирање за потребата од воведување на стандардите за поголема конкурентност и развој на локалниот бизнис. За реализација на оваа активност потрбна да се извршиат најмалку две обуки и да се стандардизираат 10 фирми кои ќе поседуваат сертификати за извршената стандардизација од овластени сертификациони куќи. Претпоставки за успешна реализација на активностите се ниската свест за потребата од воведување на стандардите и слаба економската моќ на локалните фирми за воведување на потребните стандарди.

**Конкретна цел 1.3: Да се поттикне развојот на услужните дејности**

Како погранични региони, оддалечени од економските и културните центри во земјата потребата од информации и развој на услужните дејности е најповеќе истаканата. За таа цел потребано е воспоставување на услуги од областа на МСП со правен и економски консалтинг притоа вклучувајќи ги и туристичките услуги во регионот. Со воспоставување на одредени услуги кои директно влијаат на подобрување на животот на населениети ќе се овозможи отварање на семејни бизниси и подршка во развојот на туризмот.

**Активности за цел 1.3.1: Бизнис и правен консалтинг**

За подршка и помш на локалните фирми, семејните и новите бизниси од обласатан на финансиското работење и правната регулатива потребен е развој на услужниот сектор во давањето на сметковоствени услуги, логистичка поддршка, промоцијата и правни услуги. Изворите на верификација се отварање на три нови консултантски бироа кои ќе бидат регистрирани за давање на услугите во централниот регистар. Претпоставките за реализација се свесноста на локалниот бизнис и изразените потребни за давање услуги.

**Активности за цел 1.3.2: Услуги во туристичкиот сектор**

Услугите во туристичкиот сектор ги покриваат поголем дел на активностите во регионот и тие ги опфаќаат сите сегменти на современот живеење. За подобрување на овој дел од услужната дејност потребно е отварање на Туристички информативен центар како јадро на целокупната активност од палетата на услуги која може да биде дел од активностите на ТИЦ. Во насока на зголемување и излегување во пресрет на туристите се отварање на специјализирани продавници со локални производи и сувенири или специјализирани оддели во поголемите маркети, локални водичи и туристички оператори. Овие активности ќе се реализираат со основање на регионален ТИЦ, обучени двајца локални водичи, и отварање на специјализирана продавница или најмалку еден специјализиран оддел во поголемите маркети и продавници. Ризици кои можат да настанат се опаѓање на атрактивноста на регионот и намалување на туристите со што реализацијата на активностите и остварувањто на резултатите ќе бидат невозможни.

**Насока 2:**

**Да се промовираат и поттикнат инвестиции и нови бизнис активности**

Во регионот кој го сочинуваат двете општини Берово и Пехчево, една од гранките за развој и бизнис активности е планинскиот туризам. За развој на туризам потребно е да се отворат нови туристички капацитети, а за таа цел да се обучи и преквалификува стручен кадар, како и да се изработат урбанистички планови и да се реши проблемот со градежното земјиште. Со развојот на услужните дејности во областа на туризмот, изработката на сувенири, ракотворби и промоција на локалните специјалитети ќе се ангажира и населението од руралните области во регионот.

**Конкретна цел 2.1: Да се поддржи отварањето на нови туристички капацитети и содржини**

Во регионот на општините Берово и Пехчево туризмот е детектиран и претставува една од гранките за развој, а со изградбата на нови капацитети и содржини ќе се овозможи забрзан економски развој и нови вработувања. Со развојот на туристичката гранка на најдобар начин ќе се влијае и на другите свери од локалната економија како што е секторот на услуги, локални производи и др. Со отварање на најмалки три капацитети од областа на туризмот кои ќе понудат услуги за сместување и храна ќе се овозможи заживување на локалната економија, но истовремено ќе претставуваат и одлична можност за промоција која ќе даде и поголем импулс на целокупниот бизнис сектор.

**Активности за цел 2.1.1: Промоција на инвестициите во областа на туризмот**

За развој на туристичкиот сектор и овозможување на нови инвестиции потрбна е промоција на регионот преку учество на саеми, креирање на веб страна, подготовка на специјализирани промотивни пакети, кои ќе имаат за цел привлекување на инвестиции и промоција на регионот како атрактивна туристичка дестинација. Во остварување на оваа цел и привлеквуање на инвеститори ќе биде потребно да се учествува на најмалку два саеми преку кои ќе се оствари промоцијата и за кои ќе се подготват неколку промотивни пакети со различни видови на печатени и мултимедијални материјал. Најголемиот ризик за остварување на крајната цел е регионот да ја загуби својата актрактивност и потребата од промоција за нови инвестиции во областа на туризмот.

**Активности за цел 2.1.2: Истражување за потребата од туристички работници**

Во плановите за развој на туризмот во регионот на општините Берово и Пехчево потребно е да се предвидат активности кои ќе овозможат поддршка и помош на постојните и идните туристички капацитети во областа на човечките ресурси и покривање на овој сектор со стручен кадар. За таа цел е потребно да се изработи истражување на постојните, но да се предвиди и за новите туристички капацитет, кои се реалните потреби за туристички работници и каква квалификација тие треба да имаат. Недоволната заинтересираност или несогледувањето од навремено реагирање за потребите на сопствените бизниси претставува ризик за успешно остварување резултатите и реализација на активностите.

**Активности за цел 2.1.3: Обука и преквалификација во областа на туризмот**

За поддршка на туристичкиот сектор и на неговото успешно делување, потребен е соодветн човечки капацитет и добро обучен стручен кадар. Според предвидените потреби од квалификуван кадар преку една од активностите за обука и преквалификација, ќе се овозможи вработување на стручни и компетентни лица, а со тоа и развој на секторот во кој клиентите се и промотори на услугата. Со добро обучен и квалификуван кадар и со

исполнување на останатие предуслови ќе се отстрани една од пречките за инвестиции и унапредување на туристичкиот сектор.

**Конкретна цел 2.2: Да се подготват урбанистички планови и туристички зони**

Развојот на туризмот во општините Берово и Пехчево ќе биде подржан на повеќе нивоа кои во лепезата на активности ќе овозможат нови инвестиции и проширување на дејноста. Во насока на локалниот развој како потреба за привлекување на инвеститори ќе се подготват и изработат три урбанистички планови за туристичките зони кои се основа за домашните и странските инвеститори. Уредувањето на површините и обезбедувањето со соодветна инфраструктура ќе го забрза процесот на изградба на нови туристички капацитети.

**Активности за цел 2.2.1: Изработка на урбанистички планови за туристичките населби Беровско езеро, Равна река и Абланица**

Во детектираните приоритети за развој на регионот на двете општини Берово и Пехчево и можноста за инвестиции во туристичкиот сектор ќе бидат подготвени урбанистички планови за туристичките населби Абланица, Равна река и Беровско езеро. Со изработката на деталните планови потенцијалните инвеститори ќе ја најдат својата можност во изградба на комерцијални објекти,а со тоа ќе се овозможат и нови вработување во оваа област.

**Активности за цел 2.2.2: Уредување на забавно-рекреативни површини**

За развој на туризмот, привлекување на туристи и инвеститори потребно е да се уредат површини кои ќе бидат дел од туристичките атракции во регионот. Еден сегмент од можностите за привлекување на туристи е уредување на забавно рекреативни површини. Во склоп на трите туристички населби ќе се изградат по еден забавен парк и ќе се уредат зелените површини кои се продолжување на веќе уредените пешачки и велосипедски патеки.

## Во контекст на локалните политики за вработување

Бројот на невработени лица во 2008 година евидентиран во Центарот за вработување Берово е 3560. По структура на невработеност се јавува нееднаквост, дисбаланс, и тоа по пол (57% мажи наспроти 43% жени), старост ( до 29 г.- 28,9 %, од 30 до 39 г. 24,8 %, од 40 до 49 г. 23,3 % и над 50 г. 23,0 %), степен на образование (без образование и ниско 43,3 %, средно 47,4%, вишо и високо 9,4%) и време на чекање (до 11 месеци 17,9 %, од 1 до 2 г. 14,2 %, од 2 до 4 г. 27,1%, од 5 до 7 г. 11,6%, и над 8 г. 29,2%). Структурата на невработените според образованието може да се оцени како неповолна, а голема е невработеноста кај младите лица, но исто така се зголемува бројот на активните баратели на работа постарите од 50 години. Моменталната побарувачка на работна рака е поголема во текстилната индустрија, односно квалификувана женска рака, како и дефицитарни занимања (електро-инжинери, технолози, професори по англиски јазик и др.) и занаети (зидари, тесари, плочкари, електричари). Со цел да се надмине сегашната состојба во делот на невработеноста а согласно анализата на понудата и побарувачката на пазарот на трудот во следниот двегодишен период покрај насоките кои се поврзани со локалниот економски развој, ќе се превземат и активни мерки за вработување во контекст на локалните политики за вработување.

## Насока 3:

## Да се намали сивата економија

Како посебен приоритет кој се провлекува со години е сузбивање на сивата економија во делот на неформалното работење. Сивата слика во двете општини се движи 11,8 % во делот на непријавена работна сили која работ и околу 3646 земјоделци главна и единствена дејност. Оваа насока е контунуирана и долгорочна и е во заедничка зависност како со државните институции така и економските проекции на АВРМ, владата и локалните самоуправи.

### Конкретна цел 3.1: Да се легализираат постоечките нерегистрирани бизниси

Со формализирањето на неформалниот бизнис, како и охрабрување на лицата кој се занимаваат со земјоделие, занаетчиско-услужни дејности, да се регистрираат како правни субјекти како и со подршка на МСП и семејните бизниси, би се намалила сивата економија (ке се затвори еден од главните вентили за продуцирање на истата), а со тоа намалување на невработеноста. (долгорочна проекција.

### Активности за цел 3.1.1:Анализа на неформален сектор во микрорегионот Берово и Пехчево

Неформалниот секотор и сивата работна сила претставуваат потенцијал кој може да се трансформира во формалниот секотр и ќе се овозможи воспоставување на систем во рамки на правната регулатива. За таа цел ќе се изврши анализа кој ќе даде соодветни резултати и ќе предложи мерки и механизми за надминување на постојната состојба кој ќе ги вклучи институции во заеднички и координирани активности за надминување на состојбата со неформалниот сектор.

### Активности за цел 3.1.2: Промоција и информирање на процесот за формализирање на бизнисите

Со поголема заедничка промоција на star-up бизнисите (Центарот за вработување; тренинг ценарот; ЛС-ви) преку разни брошури, консултации, медиумски кампањи, би се потикнало и охрабрило населението да си го формализираат нивниот постоечки земјоделски бизнис. Стотина земјоделци и исто толку други неформални занимања би ослободиле најмалку толку невработени лица.

### Активности за цел 3.1.3: Поддршка на „Start-up" бизниси

Преку тренинг ценарот за Професионална ориентација, би се обучиле најмалку 50 лица годишно во делот на претпримиштвото, а со тоа би се охрабриле за започнување на бизниси. Со оваа активност би се намал бројот на невработени барем во толкав обим колку што се и обучени претприемачи. Особено, активноста ќе се насочи кон отварање на нови фамилијарни бизниси и микро фирми.

## Насока 4:

## Да се намали невработеноста кај специфичните групи

Општините Берово и Пехчево се карактеризира со одредени ранливи групи во невработеното население. Нај драстично се отсликува кај машката невработена популација (57%), лицата со ниско или без образование (43,3%), како и лицата до 39 годишна

старост (53,7%). Оваа насока е со корелација со дел 2.6 од Националната стратегија за вработување 2010 година.

**Конкретна цел 4.1: Да се намали бројот на млади невработени лица**

Активните мерки за вработување ќе се однесуваат како кај младите до 27 години старост, така и кај возрасните кои долго време активно бараат работа. Оваа насока е во согласност со политиките од националниот акционен план и ке опфати 25% од долгорочно невработените. Останати мерки ќе бидат превземени во едукацијата и образованието на младите, преку усогласувањето на наставните програми према локалните пореби на пазарот на трудот.

**Активности за цел 4.1.1: Поттикнување на невработените млади лица за отпочнување на сопствен бизнис**

Креирање обуки за отпочнување на сопствен бизнис за долгорочни невработените со цел стекнување на нови знаења и вештини и тоа од областа на претприемништвото, изработка на бизнис план и други менаџерски и финансиски услуги за да се поттикнат и охрабрат невработените младилица да започнат сопствен бизнис-доживотно учење. Преку тренинг ценарот за Професионална ориентација, би се обучиле најмалку 50 лица годишно во делот на претпримиштвото, а со тоа би се охрабриле за започнување, односно формализирале на своето неформално занимање. Со оваа активност би се намал бројот на невработени барем во толку обим како и обучени претприемачи, нај малку 100 лица. Особено, активноста ќе се насочи кон отварање на нови фамилијарни бизниси и микро фирми.

**Активности за цел 4.1.2: Промоција за можност за вработување и самовработување**

Со поголема заедничка промоција на старт ап бизнисите (Центарот за вработување; тренинг ценарот; ЛС-ви) преку разни брошури, консултации, медиумски кампањи, би се потикнало населението да си го формализираат нивниот постоечки земјоделски бизнис. Стотина земјоделци и исто толку други неформални занимања би ослободиле нај малку толку невработени лица.

**Активности за цел 4.1.3: Обуки за нови знаења и вештини**

Брзо дошколување и образување на лица со низок степен на образование. Креирање обуки за отпочнување на мал сопствен бизнис со цел стекнување на основни знаења и вештини. Со оваа активност ќе се предвиди брзо дошколување и основно обазување на лицата со ниско образование според нивните потреби. Во втора фаза, со користење на дел од услугите што ги дава тренинг ценарот за Професионална ориентација, бесплатна советодателна услуга за отпочнување на сопствен бизнис, избор на обуки во соработка со други образовни институции. 100 лица би се охрабиле и обучат во некој занает за полесно вработување во постоечките фирми, или отпочнат сопствен бизнис, занаетчиски дуќан или како земјоделец-поединец.

**Активности за цел 4.1.4: Волонтирање на млад и високообразовен кадар во јавни и приватни организации**

Заеднички активности на локално ниво организирани од страна на Локалната самоуправа и бизнис секторот во ангажирање на млади високообразовани кадри и нивна обука во Јавните или приватните организации со можност за стекнување на искуство и давање на шанса за докажување. Со оваа активност треба да се промовираат два сег-

менти како резултати од спроведувањето за ангажирање на волонтери и тоа: обука и стекнување на искуство како и ангажирање и задржување на младите во општината.

**Конкретна цел 4.2: Да се поддржи вработувањеното на лица со низок степен на образование**

Брзо дошколување и образување на лица со низок степен на образование. Креирање обуки за отпочнување на мал сопствен бизнис со цел стекнување на основни знаења и вештини. Во структурата на невработените според образованието учеството на лицата со ниско ниво на образование е мошне високо (43,3%). Со оваа активност ќе се предвиди брзо дошколување и основно обазување на лицата со ниско образование според нивните потреби.

**Активности за цел 4.2.1: Регистрирање на индивидулец земјоделец**

Преку разни брошури, медиумски кампањи, совети, консултации би се охрабриле невработените лица со низок степен на образование да отпочнат со јавни услужни работи. Улогата за промоција би ја имал тренинг ценарот за Професионална ориентација во соработка со Центарот за вработување и Л.С. Стотина лица би започнале свој бизнис во делот на земјоделие доколку имаат основно познавање, исто толку би започнале свој бизнис како занаетчии и во услужните дејности (работа во домашни услови)

**Активности за цел 4.2.2: Стекнување на нови знаења и вештини преку обуки и курсеви**

Преку обука, преквалификации и доквалификации невработените би се здобиле со нови знаења (доживотно учење), како во дело на работното оспособување, и основи за претприемиштво односно обуки за отпочнување на сопствен бизнис со цел стекнување на нови знаења и вештини за да се поттикнат невработените лица да започнат сопствен бизнис, пред се преку тренинг центарот и други образовни институции.

**Активности за цел 4.2.3: Промовирање на занаетчиството и услугите**

Промовирање за отпочнување на сопствен бизнис кај долгорочно незапослените - индивидуалец земјоделец, занаетчиско-услужни дејности, работи кои се услужни сервиси во домот како чување на деца, чистење во домовите, средување на градини и др. Преку разни брошури, медиумски кампањи, совети, консултации би се охрабриле невработените лица да отпочнат свој бизнис. Улогата за промоција би ја имал тренинг ценарот, а во соработка со Центарот за вработување и Л.С. Стотина лица би започнале свој бизнис во делот на земјоделие, исто толку би започнале свој бизнис како занаетчии и во услужните дејности

**Насока 5:**

**Да се усогласи понудата со побарувачката и да се подигне и подобри образовното и стручното ниво на работна сила**

Во микрорегионот понудата и побарувачката на прв поглед изгледа избалансирана, но со развојот на некои гранки расте бројот за квалификуван кадар во прехрамбената индустрија, а со развојот на туризмот се јавува потребата од професионални работници и во оваа гранка. Во последно време имаме и интерес од работодавачите од дрвнопреработувачката индустрија и исто така е забележан недостигот на дипломирани професори по странски јазици (англиски и германски јазик). Покрај солидното образование од но-

вите работници се бара и поголемо познавање на практичната работа, комуникациски вештини, работа на компјутер, познавање на стручни странски јазици итн.

**Конкретна цел 5.1: Да се отпочне со продуцирање на образовни кадри-профили, кои се барани на пазарот на трудот**

Анализата на побарувачката за работна сила во општините Берово и Пехчево во последните години покажува дека таа има тренд на намалување. Ваквата побарувачка на може да придонесе за намалување на невработеноста. Најголема е побарувачката за работници со средно стручно образование. Побарувачката за работна сила со високо образование останува мошне мала. Покрај солидното образование од новите работници се бара и поголемо познавање на практичната работа, комуникациски вештини, работа на компјутер, познавање на странски јазик .

**Активности за цел 5.1.1: Продуцирање на образовен кадар-профил, кој е баран на пазарот на трудот**

Со зголемување на практичната настава би се добил високо обучен кадар со работно искуство, кој би можел да ги задоволи потребите на пазарот на трудот и веднаш би се вклучил во работниот процес. Заедничка соработка помеѓу Бизнис секторот и средните училишта, за задоволување на нивните потреби од нови работници.

**Активности за цел 5.1.2: Креирање на образовни програми според потребите на стопанството (усогласување на наставниот процес спрема потребите на стопанството)**

Во зависност од потребните образовни профили за задоволување на пазарот на трудот во микрорегионот Берово и Пехчево, ќе се креираат образовни програми во постојните средни стручни училишта. Заедничка соработка помеѓу Центарот за вработување Берово, средното училишта, Бирото за развој на образованието, Л.С. и МОН. Со оваа активност бе се намалил бројот на непотребни профили од работна сила, а со тоа и потребата за нивна преквалификација.

**Активности за цел 5.1.3: Организирање на обуки, тренинзи, работилници за стекнување вештини кој се барани на пазарот на труд**

Воведување на нови политики за вработување, обуки за непознат работодавач, тренинзи истекнување на вештини за потребите на пазарот. Со претходна анализа на пазарот на трудот би се добила слика кои профили се барани или ќе се бараат во зависност од развојот на стопанството. Заедничка соработка, Центарот за вработување, тренинг центарот, постоечките образовни училишта и центри, Локалните самоуправи и бизнис заедницата.

